# Живот без

Вистинската мајка безмерно го љуби своето дете. Таа за него би сторила сè.

Вистинскиот татко безгранично го љуби своето дете. Тој за него би сторил сè.

Децата ги љубат своите родители. Во нив гледаат спас, поддршка и љубов.

Оваа троица е Пресвета Троица.

Богородица го љуби Својот син, оти Тој беше роден во Неа. Исто толку е голема љубовта на Богородица кон мене, кон тебе и сите нас. Да не беше така, Нејзиното срце ќе пукнеше од мака додека Го распнуваа. Но, не, само со солзи и сострадание Таа ја топеше земјата ерусалимска, оплакувајќи ги раните Христови, раните на човештвото. Марија Дева знаеше дека во болката се роди еден нов цивилизациски код. Таа знаеше дека во смртта на Синот воскресна спасот.

Отецот безмерно ги љуби Своите чеда. Мене, тебе и сите нас. Да не беше така немаше да нè роди, немаше да го дишеме овој воздух, да се радуваме на сјајот од кандилата.

Светиот Дух ни ја пренесува таа љубов, ни го носи Божествениот мир во срцата и ни дарува песна приспивна секоја вечер, слично како што ревносниот татко му пее на своето чедо и го предава на спокојство.

Исус, пак, е топлина. Тој е прегратка. Мајчина или таткова, како што налага моментот.

# метафизика

И надеж, толку потребна за оние што растат. Исус е и добрина насочена кон кревките. А кршливи сме сите ние, децата Христови, без разлика колку секој од нас се труди да се самоисполни со наперченост, горделивост, богатство, власт…

Деца! Децата ги љубат своите родители. Во нив гледаат спас од оние што сакаат да ги удрат, да ги толчнат, да ги навредат. Во родителите децата бараат поддршка. Сите сме деца Божји, оти Тој нè создаде. Ете ни го спасот од секојдневните udари, понижувања, ете ни ја поддршката, целувката и милувањето. Ете ни ја вечноста, животот по смртта.

Пресвета Троица, Отецот, Синот и Светиот Дух, Богородица и светите Отци ни се воздухот, земјата, небото, крвта, сè! Толку едноставно!

Се молам и славословам:

'Отецот е мојот Татко
Богородица е мојата Мајка
Светите се моите Браќа и Сестри
Духот Свет е мојата круна
Христос е мојот леб.
Господи, Исусе Христе, помилуј ме!'

Смртта не постои. Никој од нас не умира, оти сите ние сме само во еден ходник по кој ќе преминеме во дневната соба на вечноста.

Самотија не постои, оти ако не сум јас, моите деца имаат и Татко, и Мајка, и браќа и сестри.

Сиромаштво не постои, оти сите можеме да бидеме крунисани од Светиот Дух, само човек не треба да се плаши да ја подаде главата и душата кон таа севременска и севселенска инаугурација.

Глад нема, ниту ќе има. Тој е нашиот леб, јагне, вода и вино.

Тоа е животот. Сето друго е метафизика.

Горан Величковски